РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 11-05-2022
11-63/1

**До: Општина БИТОЛА**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Барам информација за стручното образование на јавните службеници кои постапуваат по барањата за легализација на бесправно изградени објекти, дали се дипломирани правници или имаат друго стручно образование и колку извршители има во Вашата општина за таа проблематика**
2. **Барам информација за сегашниот раководител на оделение за легализација, со иницијали или цело име и презиме, ако не е доверлива информација со кое стручно образование (дипл.правник, градежен инжинер, дипл.економист .....)**

**(опис на информацијата која се бара)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
**- б) препис**
- в) фотокопија
**- г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

**- а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 11.05.2022 година .**

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кире Ѓорѓиевски
Раководител на одделение за човечки ресурси

Бр.11-63/2
11.05.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-63/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
23-05-2022
11-63/3

Општина Битола
Одделение за управување со
човечки ресурси
Бр. 04-84/2
23.05.2022.
Битола

До

Раководител на Одделение за административни и општи работи
Цветанка Ристевска

**Врска:** Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-63/2 од 11.05.2022 година.

Предмет: Достава на податоци

Во врска со доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од , Ве известувам следното:

На барања од легализација работат 6 Дипломирани правници кои ги водат предметите.
Вклучени се други вработени со ВСС кој во овој момент се 11 вработени
(5 Дипломирани инженер архитект, 2 дипломирани сообракајни инжинери, 1 дипломиран градежен инженер, 1 со организациони науки 1 со математика и 1 со политички науки).

Општината Битола нема одделение за легализација.

Со поздрав

Раководител
на одделение за управување со човечки ресурси
Кире Ѓоргиевски

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-63/4
23.05.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот со стан на поднесено на **11.05.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Информација за стручното образование на јавните службеници кои постапуваат по барањата за легализација на бесправно изградени објекти. Прашање бр.2 Информација за сегашниот раководител на одделение за легализација **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од со стан на имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-63/1
2. Допис до Одделение за човечки ресурси со бр.11-63/2 од 11.05.2022
3. Одговор од Одделение за човечки ресурси со бр.11-63/3 од 23.05.2022

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 23.05.2022 година, под бр. 11-63/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk